АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на членот 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20 и 77/21), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika e Maqedonisë së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: | 16.05.2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 10 | 2014 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Контролен;
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ТВ СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје;
3. **Период опфатен со надзорот:** 6 мај 2022 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 16 мај 2022 година;
5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (забрана за учество во реклами и телешопинг на одредени лица);
6. **Претходно изречена мерка:**
   *На 15.04.2022 година, за непочитување на членот 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка – јавна опомена (Уп1. бр. 03-119 од 15.04.2022 г.) на Трговското радиодифузно друштво ТВ СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје.*
   *Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот веднаш по приемот на решението (18.04.2022 г.) да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*
7. **Констатации од надзорот:**
   Со контролниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 6 мај 2022 година, на државно ниво, е констатирано дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **постапил по решението за изрекување мерка - јавна опомена**, односно ја отстранил извршената повреда од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
8. **Опис на прекршувањето: /**
9. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***